Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

102 години

Број 579 www.mchamber.mk 17.1.2025

# Подкастот „Бизнис-клуб“ Меѓу женската популација во УО на СКСМ постои порадикален пристап во решавањето на работите



## Партнерски однос за економски развој: Стопанската комора и Фискалниот совет потпишаа договор за соработка






## проект Граѓаните против корупцијата

28.01.2025, Обука
Тридневна бесплатна обука на тема: ЕКОНОМСКИТЕ АСПЕКТИ НА МЕЃУНАРОДНИОТ БИЗНИС

29.01.2025, Обука
„МЕНАЏЕРОТ КАКО КОУЧ – АЛАТКИ ЗА ПОТТИКНАТА ОДГОВОРНОСТ И АНГАЖИРАНОСТ ВО ТИМОВИТЕ“ –

17.02.2025, Обука
Дводневна онлајн обука на тема: Акредитирана обука: ЛИЦЕ ОДГОВОРНО ЗА УПРАВУВАЊЕ И/ ИЛИ ПОСТАПУВАЊЕ

# ПОКРОВИТЕЛИ
НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

IGM trade ВИТАМИНКА МЕПСО МАКЕДОНСКИ ЕЛЕКТРОПРЕНОСЕН СИСТЕМ ОПЕРАТОР

ПЕКАБЕСКО КОЖУВЧАНКА MERMEREN Kombinat T

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители

МАКПРОГРЕС OKTA ZAN MITREV CLINIC CROATIA OSIGURANJE scalefocus

ComfyAngel Qinshift HALKBANK СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ Duna Comodita HOME Swisslion AllianceOne SOCOTAB




Посетете : www.mchamber.mk

ISO 9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

https://www.facebook.com/chamber.mk
https://www.twitter.com/Chamber_MK
https://www.youtube.com/user/MKChamber
https://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# Бизнис врски со пријателски предзнак



За успешни бизнис приказни, треба да се изградат пред сѐ успешни пријателски врски, бидејќи без некој да се почитува и цени како човек или народ, не може ниту да се третира како бизнис партнер.

Токму тоа го покажа вчера во Скопје турската бизнис елита, која преку бизнис форумот и присуството на бројна бизнис и политичка делегација со над 150 учесници, се заокружи со пријателско вечерно дружење. Како претседател на најмоќната бизнис организација, на Стопанската комора, имав чест да бидам не само еден од гостите на ова дружење туку и да го имам почесното место до сопственикот на холдингот Лимак, господинот Нихат Оздемир.

На само неколку дена во годината што изминува (2024 г.), кога речиси сите деловни активности се заокружуваат, бројната делегација од Турција дојде во Скопје со најава и подавање рака за креирање нови партнерства и бизнис зделки на економски план.

Среќен сум и задоволен што дојде до оваа средба на крајот на годината како би се резимирале резултатите од нашата заедничка работа и би се направиле анализи и би се предложиле активности за наредната 2025 година, која ќе биде исклучително важна година за двете економии, а и воопшто за економиите на Европа и Балканот каде

егзистираме. Сметам дека овие средби треба да зачестат за во овие тешки моменти да можеме полесно да ги пребродиме кризите кои доаѓаат и кои се пред нас.

Но, оваа средба, навидум идентична со секој ваков друг настан, има неколку специфики кои и даваат посебно значење.

Прво, Република Турција и Република Северна Македонија имале секогаш одлично изградени односи на политичко ниво, но она што нас не интересира на полето на економијата, е да се најдат најдобри решенија за соработка со бенефит за двете заедници, а не по штета на некоја од земјите.

Второ, со продолжување на развивање на соработката Македонија добива пазар од над 80 милиони потрошувачи, а и многу повеќе од тоа, имајќи го предвид фактот дека Турција пак има одлични бизнис релации со друго земји, добиваме еден значаен партнер кој ги има сите потребни информации за случувањата кои може да доведат до одредени нестабилности и неизвесности во светот во наредниот период.

Трето, размената не е на потребното ниво, но остава простор за зголемување затоа што заедничкиот настап може многу да придонесе особено во делот на дијагоналната кумулација на слободната трговија, во рамки на која може да се преземат и одредени други форми на соработка и што е уште поважно, Македонија на овој начин има можност да се потпре на ресурсите на голема сила како Турција.

Четврто, особено сакам да го нагласам присуството на турскиот капитал и турските бизниси во Македонија. Тие се наши активни членки, имаме одлична соработка со нив и со нивната организација МАТТО. Ќе продолжиме и натаму да ги развиваме тие односи и да им помогнеме во поддршка на развивање на бизнисите.

И токму заради се ова, очекувам и во наредниот период нови инвестиции, повеќе бизнис форуми, заеднички настапи на трети пазари, поголемо учество на нашите фирми на саемите во Турција кои се отскочна даска за големите пазари во светот во натамошниот период.



## Бизнис-форум и билатерални средби меѓу Република Турција и Република Северна Македонија




Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со Советот за надворешни економски односи на Турција (ДЕИК), а под покровителство на Министерството за трговија на Турција и Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на Северна Македонија, организираа бизнис форум и билатерални средби меѓу претставници од бизнис секторот на двете земји (26 декември 2025 година), во рамки на посетата на Република Северна Македонија од страна на турскиот министер за трговија, Омер Болат.

Во својот поздравен говор министерот Болат ги опиша односите меѓу Турција и Северна Македонија како „силни и трајни", додавајќи дека силните врски меѓу двете земји во последните години бележат голем напредок во областите како што се политиката, дипломатијата, одбраната и економијата. Додаде дека Северна Македонија, од аспект на Турција претставува база во поглед на надворешната трговија и инвестициите, и дека двете влади се согласиле тимовите да почнат да работат на ажурирање за да вклучат нови области во Договорот за слободна трговија меѓу двете земји со цел продлабочување на соработката.

# Партнерски однос за економски развој: Стопанската комора и Фискалниот совет потпишаа договор за соработка



Стопанската комора на Северна Македонија и Фискалниот совет на Република Северна Македонија потпишаа договор за соработка, со кој се поставува основа за редовна комуникација и партнерски однос во клучни области како што се макроекономските движења, монетарната и фискалната рамка и управувањето со јавните финансии. Целта е да се зголеми взаемната информираност во функција на максимизирање на предвидливоста на бизнис амбиентот за економските субјекти.

Договорот, кој го потпишаа претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески и претседателот на Фискалниот совет, д-р. Глигор Бишев, предвидува размена на податоци, анализи, извештаи и мислења што се од взаемен интерес, што ќе овозможи подлабока координација меѓу двете институции. Исто така, договорена е можноста за заедничко учество во проекти, програми и анализи.

Покрај тоа, двете страни ќе соработуваат во организирање обуки, едукативни



настани и работилници на теми кои ги засегаат актуелните економски предизвици. Соработката ќе вклучува и меѓусебна стручна поддршка со цел пронаоѓање најповолни решенија за сложените економски прашања со кои се соочува државата.

Фискалниот совет е избран од страна на Собранието. Станува збор за независно тело чија цел е да дава независни стручни мислења за фискалните политики и стратегиските документи и извештаи, како и да го надгледува спроведувањето на фискалните правила, заради обезбедување макроекономска стабилност и фискална одржливост. Првиот состав на Фискалниот совет го сочинуваат: (претседател) проф. д-р. Глигор Бишев, по предлог на Народната банка и членовите: академик Абдулменаф Беџети, предложен од МАНУ и д-р Марина Трпеска, редовна професорка на Економскиот факултет на УКИМ, предложена од Државниот завод за ревизија.



# Стопанската комора и Државната комисија за спречување на корупцијата потпишаа Меморандум за заедничка борба против корупцијата




Стопанската комора на Северна Македонија и Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) потпишаа Меморандум за соработка, кој има за цел да ја зајакне борбата против корупцијата и да го унапреди интегритетот во општеството. Оваа иницијатива е дел од проектот „Граѓаните против корупцијата“, поддржан од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД).

На состанокот, кој се одржа во просториите на Стопанската комора, беа презентирани активностите на Стопанската комора во рамки на проектот, вклучително и резултатите од анкетата што Комората ја спроведе за изложеноста на компаниите на коруптивни барања од јавниот сектор во 2023 година. Беше дискутирано и за обуките за бизнис интегритет, кои се дел од проектот, а опфаќаат поставување на систем за интегритет во компаниите, усогласување со меѓународните и европските стандарди, примена на мерки за спречување на корупцијата и поттикнување на етичка деловна средина.

Меморандумот за соработка го потпишаа претседателот на Комората, Бранко



Азески и претседателката на ДКСК, Татјана Димитровска. Тој предвидува одржување на средби меѓу претставниците на двете институции, со можност за вклучување на компании членки на Комората и други релевантни институции со надлежности за спречување на корупцијата. Оваа рамка за соработка опфаќа учество во работни групи заради промена на законска и друга регулатива од областа на спречување на корупцијата и судирот на интереси, како и учество во изготвувањето на новата национална стратегија за спречување на корупцијата и имплементација на активностите од истата. Меморандумот предвидува соработка при реализација на настани-јавни дебати, работилници, конференции, тренинзи насочени кон зголемување на свеста кај јавноста за прашања поврзани со спречување на корупцијата и јакнење на интегритетот.

Програмата „Граѓаните против корупцијата“ е предводена од Македонскиот центар за меѓународна соработка, поддржана од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД), а се реализира преку Конзорциум на разновидни учесници, меѓу кои и Комората како претставник на приватниот бизнис сектор.






## Меѓу женската популација во УО на СКСМ постои порадикален пристап во решавањето на работите

Новата епизода на подкастот „Бизнис-клуб“ е фокусирана на одлучноста и на радикалноста во носењето одлуки од жените вклучени во бизнисот и во коморското работење. Во оваа епизода претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, разговара со трите жени кои оставија печат во органите на коморското работење, а истовремено се на одговорни менаџерски функции во своите компании: м-р Ангелка Пеева-Лауренчиќ, директор и косопственик на „Имиџ ПР“ и на „Идеа плус 360“; м-р Марија Дуковска-Павловска, генерален директор на „Макстил“ Скопје, и д-р Анита Блажевска, потпретседател на УО на Стопанската комора.

„Жените вклучени во коморското работење успеваат да ги извадат мажите и да ги коригираат со својата дисциплина затоа што имаат карактерни особини на прецизност, точност, дисциплинираност и на одговорност. Ние не сакаме да доцниме затоа што тоа не е само непристојно, туку и не сакаме да го трошиме времето на другите, па им помагаме и тие да го следат тој пример. Поради природата понекогаш сме и порадикални во носењето на одлуките“, истакна м-р Пеева-Лауренчиќ.

Ангелка Пеева-Лауренчиќ магистрирала на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања на УКИМ Скопје, со звање магистер по комуникологија, а сега е докторанд на Правниот факултет при УКИМ Скопје, на докторските студии по односи со јавноста. Од 2006 година е директор на Агенцијата за комуникациски менаџмент и односи со јавноста „Имиџ ПР“ и професор на додипломски и постдипломски студии по односи со јавноста на Универзитетот „Американ колеџ“ во Скопје. Во периодот 2002 – 2006 била пратеник во Собранието на Република Македонија. Покрај професионалниот ангажман, Ангелка членува во повеќе професионални асоцијации и тела: член на Управниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија, член на Управниот одбор на „Хабитад Македонија“, член на IPRA – International Public Relation Association (Меѓународно здружение за односи со јавноста).

Директорката на „Макстил“ м-р Марија Дуковска-Павловска истакнува дека не е лесно да се биде жена во машка индустрија каква што е металургијата и дека мора да се работи на разбивање на стереотипите за машка VS женска професија.

„Не е лесно да се биде жена во машката индустрија. Ние како жени имаме различно видување од мажите. Не смееме да дозволиме да бидеме само бројка, пред сè, поради квалификациите што ги поседуваме, можностите, способностите и видувањата“, потенцираше м-р Дуковска-Павловска.

На прашањето зошто ја сака оваа професија таа вели: „Производството има посебна драж, особено е убаво, бидејќи веднаш се гледа резултатот од направеното, веднаш се гледа дека има одреден импут, веднаш ги гледате производот и резултатот од сопственото работење“.

М-р Дуковска-Павловска поседува богато менаџерско искуство во областа на финансиите и индустријата. Дипломирала бизнис-менаџмент на Економскиот факултет при УКИМ со дипломската теза „Двостепеност на контрола врз Управниот одбор“, а магистрирала на економски студии, претприемништво, на Универзитетот „Јосип Јурај Штросмаер“ во Осијек, Хрватска, со магистерскиот труд „Имплементирање на претприемачкиот дух во менаџментот“.

Својата кариера ја започнала во 2005 год. како експерт за подобрување на организациските и на финансиските перформанси на претпријатијата преку проектот на ЕБОР (2 години) и како координатор за човечки ресурси и за финансии за проекти во Југоисточна Европа во Институтот „Источен запад – НВО“ (2 години). Во 2016 година доаѓа на местото управен директор на „Кемет електроникс Македонија“ Скопје, а од февруари 2022 година е генерален директор на „Макстил“ АД Скопје и член на УО. Фокусот во нејзиното работење е врз минимизирањето на отпадот, односно да бидат компанија со нула отпад.

И д-р Анета Блажевска го дели истиот став со своите соговорнички – дека жените се посмели, поодлучни и порадикални во носењето одлуки и дека не смеат да бидат само бројка, затоа што на крај секогаш е битен производот што се испорачува. Според неа, членувањето во Комората ја инспирира да презема чекори за да ги подобри работите во интерес на бизнисот и на коморското работење.

„Жените нема да бидат само бројка во одлучувањето. Секогаш е битен и квалитетот на производот што се испорачува. Навистина е голема чест и привилегија што сум дел од УО, што работам одблиску со вас, со колегите од УО и со вработените во Комората и секогаш по седниците се чувствувам инспирирано да размислувам што може да се направи повеќе и како да се подобрат работите“, истакна д-р Блажевска.

Д-р Блажевска магистрирала на Универзитетот во Кембриџ на магистерската теза „Кои се детерминантите на нивото и природата на странските директни инвестиции во земји со среден приход – случајот на 'Џонсон контролс' АД во Македонија“, а докторирала на Економскиот факултет при УКИМ на тезата „Одлив на капитал во форма на странски директни инвестиции од големите нови економии (Бразил, Русија, Индија и Кина) кон остатокот од светот – импликациите врз глобалниот економски поредок“.

Имала можност да види како функционираат двата сектора, и државниот и приватниот сектор, работејќи од 2009 година во Министерството за финансии на Македонија во делот за макроекономска политика, а од 2015 година до денес работи во „Филип Морис интернационал“ Скопје, прво како менаџер за надворешни работи, а потоа и како менаџер за фискални и за економски прашања за Блискиот Исток, Африка, Јужна и Југоисточна Азија и за ЗНД. Од јануари 2024 година е менаџер за фискални и за економски прашања за Југоисточна Европа.

Д-р Блажевска има активна улога во Комората во претставувањето на ставот на Комората и на компаниите членки пред Владата и пред другите засегнати страни (домашни и меѓународни). Има објавено повеќе од 10 трудови и статии во домашни и во меѓународни списанија. Добитник е на две награди за извршен директор (во 2016 и во 2022 година), што е највисоко признание за вработените во компанијата (прво за вработен од Северна Македонија), а во 2021 година е добитник на признание од претседателот на Стопанската комора, Бранко Азески, за извонредната работа и за придонесот во постигнувањето на стратешките цели на Комората.

## Ангел Анѓушев во „Бизнис-клуб“: Освојувањето нови пазари бара преземање ризици



„За да се освојат нови пазари, потребно е да се преземат ризици. Колку поголем ризик толку поголем профит. Можеби понекогаш не е добро премногу да се размислува затоа што ако човек премногу анализира, може да дојде до заклучок дека не треба ништо да преземе зашто сè е опасно“, вели оперативниот директор на „Грин машинс“, Ангел Анѓушев, во новата епизода на подкастот „Бизнис-клуб“ во разговорот со претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија.

Според него, потребна е храброст да се опстане во пазарната економија. „Брако“ е компанија која работи според зелената агенда и според зелената енергија и која ги следи модерните текови. Производите на „Брако“ се присутни на американскиот пазар во 10-ина држави на САД и во Мексико, додека, пак, Европа, Источна Азија, Велика Британија, како и Блискиот Исток се традиционални пазари за нивните производи.

„Секој менаџер во секое време мора да знае што се случува со компанијата; да знае како да се справи со ризиците; да знае кога може да троши, а кога не. Досега не сме дошле во опасност до дојдеме до губење на ликвидноста и настојуваме тоа така да остане“, истакна Анѓушев.

Во разговорот со претседателот Азески за компатибилноста на странските универзитети каде што студирал и за претприемачкиот дух на младите, кои сè повеќе флуктуираат во другите земји, истакна дека има компатибилност на програмите кај техничките науки за разлика од општествените, затоа што станува збор за природни закони или за закони на механиката од кои нема отстапување и кои не можат различно да се толкуваат, но доколку некое младо лице сака да се занимава со претприемништво, мора стоечки да издржи и да наоѓа начини како да ги надминува предизвиците.

„Секој млад човек кој сака да се занимава со претприемништво мора да има цврст менталитет, никогаш да не се самосожалува, никогаш да не гледа на предизвиците од негативен аспект бидејќи ќе има и предизвици и притисоци и тешкотии и проблеми од технички и од меѓучовечки аспект, но сето тоа мора да го прифати со една позитивна енергија и со раширени раце и наместо да мисли на тоа колку е проблемот голем и тежок, треба да размислува како да го реши“, потенцираше Ангел Анѓушев.



## М-р Аријана Коскарова во „Бизнис-клуб“: „За претприемништво потребни се искуство за развој на бизнисот, едукација и инвестиција“



Во новата епизода на подкастот „Бизнис-клуб“, гостин на претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески му е Аријана Коскарова, претприемач, кооснович на „Креатив хаб“, академија за дигитални вештини со седиште на 3 пазари (Македонија, Косово и Мајами, САД), и добитник на Наградата на „Форбс 30 под 30“ за Европа во категоријата социјално претприемништво, која се доделува на млади луѓе кои преку своите бизнис-идеи прават општествено добро.Во разговорот со м-р Аријана Коскарова сеправи паралела на македонското и на американското претприемништво и се изнесуваат факти за претприемништвото и за развојот на бизнис-моделите, но од друга перспектива, односно со користење грантови за едукацијакои ќе понудат поквалитетно образование и поврзување со професионалци од индустријата.

Со својот бизнис во Америка, м-р Коскарова истакнува дека целта на САД е градење на Америка како силна економска држава преку вложување во бизниси и во нови инвестиции. Според неа, Америка има многу практики за развој на државата кои можат да бидат пример за развој и на нашата држава. Таа прави паралела на постоењето на економските зони кај нас и во Америка.

„Ако ти си бизнисмен кој сака да вложи сериозни пари, ти даваат можност да вложиш во економските зони.Целта е економските зони во Америка да се направат како градови и да не бидат сите сегментирани во градот Мајами, па затоа ако бизнисите вложат таму, имаат придобивки од аспект на данокот, што за Америка е многу битно“, истакна Коскарова.

М-р Коскарова магистрирала на Интернационалниот универзитет во Монако и имала можност да работи во Шангај, Њујорк, Мајами и на Бали, каде што се здобила со искуство и со работна дисциплина. Иако живеела во повеќе држави надвор од Македонија, во 2017 година одлучила да вложи во својата земја со отворањето на Академијата „Креатив хаб“ во Скопје. Аријана е една од кооснoвачите на Академијата, која во 2022 година се проширува и во Приштина и во Мајами.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




**28.01.2025 , Обука**

# Тридневна бесплатна обука на тема: ЕКОНОМСКИТЕ АСПЕКТИ НА МЕЃУНАРОДНИОТ БИЗНИС 29-31 јануари 2025 година

Институтот за извоз при Стопанската комора на Северна Македонија, во рамките на партнерството со УСАИД преку проектната активност „Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција“, кој има цел да поттикне зајакнување на капацитетите на македонските компании за поуспешна регионална соработка и за нивно поврзување во нови партнерства, организира бесплатна обука на тема „Економските аспекти на меѓународниот бизнис“. Обуката ќе се реализира во Стопанската комора на Северна Македонија од 29 до 31 октомври 2025 година во сала 4 на петти кат.

Целта на обуката е учесниците од компаниите:
- да се запознаат со можностите за меѓународно трговско работење,со елементите на меѓународниот бизнис, како и со придобивките и факторите што влијаат врз степенот на успешност на извозната активност;
- да се здобијат со познавања за дефинирањето на потеклото на стоката, за видовите потекло на стоката и за нивната важност при примена на мерките на трговската политика;
- да се запознаат со царинските процедури и со документите кои се важни во увозната, извозната и во транзитната постапка;
- да се здобијат со познавања за нетарифните мерки и бариери при извоз и при нивно следење (квоти, санитарни и фитосанитарни мерки, примена на технички прописи и стандарди, технички бариери за пристап кон пазарот, субвенции и компензаторни давачки, антидампинг, заштитни мерки и други технички бариери на трговијата);
- да се запознаат со новините за националниот едношалтерски систем, кој ќе ја замени апликацијата EXIM.

Целна група:обуката е наменета за ситепретставници од компаниите кои започнуваат со извоз или кои сакаат да се прошират на нови пазари и за оние компании кои сакаат да го усовршат и да го надградат своето знаење или да го потврдат во делот на извозните активности низ призмата на искуството на експерти и на практичари во областа.

Контакт лица:
м-р Михајло Донев
тел: 02/3244-067
e-mail: mihajlo@mchamber.mk

м-р Ивана Анчев
тел: 02/3244-051
e-mail: ivana@mchamber.mk



**29.01.2025 , Обука**

# „МЕНАЏЕРОТ КАКО КОУЧ – АЛАТКИ ЗА ПОТТИКНАТА ОДГОВОРНОСТ И АНГАЖИРАНОСТ ВО ТИМОВИТЕ”

Концептот за менаџерот како коуч подразбира лидерски стил според кој менаџерите се фокусираат на развојот и на овластувањето на своите тимови, а не само на управувањето со задачите. Предизвиците со кои се соочуваат компаниите од аспект на недоволната ангажираност и самостојност во работењето често се должат на пристапот на водење според кој се нудат готови решенија, за кои вработените немаат доволно информации или вештини да ги спроведуваат како што се очекува од нив. Новиот пристап во менаџментот носи потреба од интерактивен, двонасечен процес на водење, во кој менаџерот го активира и го максимизира потенцијалот на секој вработен одделно.

Менаџерот како коуч дејствува и како ментор, нудејќи насоки, повратни информации и поддршка, за да им помогне на вработените да растат, да се здобиваат со повисоки компетенции, како и континуирано да преземаат поголема одговорност за извршување на задачите. Од членовите на тимот со кој се управува низ коучинг-пристапот се очекува самите да размислуваат во насока на најдобри, оптимални решенија за секојдневните предизвици и со тоа да имаат проактивен пристап, наместо решенијата да ги бараат и да ги очекуваат од својот претпоставен. Со јакнењето на чувството на компетентност кај вработените се зголемува мотивацијата за натамошно учење. Ова води кон зајакната припадност на компанијата, која нуди можност за кариерен развој, фактор кој е особено важен за задржување на новите генерации вработени.

За таа цел, Стопанската комора на Северна Македонија, на 30 јануари 2025 година. организира еднодневна обука на тема „МЕНАЏЕРОТ КАКО КОУЧ – АЛАТКИ ЗА ПОТТИКНАТА ОДГОВОРНОСТ И АНГАЖИРАНОСТ ВО ТИМОВИТЕ“.

Целта на концептот Менаџерот како коуч е континуирано да се зголемува ефикасноста на тимот, да се подобри ангажманот и да се изградат силни односи преку фокусирање на развојот и благосостојбата на вработените.

Контакт лица:
Валентина Цветковска
Телефон: + 389 2 3244063
Е-пошта: valentina@mchamber.mk

м-р Никола Димковски,
Регионална канцеларија Битола
Телефон: + 389 47 225088,
Е-адреса: regiobt@mchamber.mk

# СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

TÜV NORD ISO 9001:2015

## Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

102

*години*


Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088